ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Предлагач: в.д. Градоначалник
на Општина Аеродром
Дејан Митески

Изготвувач: Сектор за финансиски
прашања

# **Одлука**
# **за измени и дополнувања**
# **(Ребаланс)**
# **на Буџетот на Општина Аеродром**
# **за 2024 година**

**септември, 2024 година**

**Образложение**

Во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година, со бр.09-515/4 од 02.01.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.1/24 од 02.01.2024 година), Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-16/5 од 01.02.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.03/24 од 01.02.2024 година), Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-42/9 од 09.02.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.04/24 од 09.02.2024 година), Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-155/2 од 19.06.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.13/24 од 19.06.2024 година), како и Одлуката за измени и дополнувања (Ребаланс) на Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година бр.09-188/24 од 16.07.2024 година (Службен гласник на Општина Аеродром" бр.14/24 од 16.07.2024 година), се вршат одредени измени и дополнувањата на финансиските средства (Ребаланс) во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година.

Измените и дополнувањата на финансиските средства (Ребаланс) во Буџетот на Општина Аеродром за 2024 година, се однесуваат на колоната **основен буџет**. Истите се резултат на измени и дополна во дел од планираните приходи, измени и дополна на планираните активности во расходниот дел врз основ на доставените барања од страна на секторите и одделенијата во општината.

На **приходната страна,** измените во колоната **основен буџет** се однесуваат на потставката: 741211 – Капитални трансфери од други нивоа на власт.

На **расходната страна**, измените и дополнувањата на буџетот (Ребаланс), се однесуваат на измените и дополнувањата на потребите доставени од секторите и одделенијата на општината.

Измените во делот на **колоната основен буџет**, се изготвени во рамките на следните надлежности и програми и тоа во:

- **Надлежност Ј – Комунални дејности,** Програма ЈD – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици, вкупните планирани расходи се менуваат од 2.650.000 денари на износ од 204.916.000 денари; Програма ЈG – Изградба на системи за водоснабдување, вкупните планирани расходи се менуваат од 943.000 денари на износ од 16.943.000 денари.

Со горенаведените измени, **консолидираниот Буџет на Општина Аеродром за 2024 година,** кој ги вклучува **основниот буџет**, **самофинансирачките активности, донациите,** и **блок дотациите**, во вкупен износ се менува од износ од 1.347.033.000 денари на износ од 1.565.299.000 денари.

в.д. Градоначалник
на Општина Аеродром
Дејан Митески